Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 248/0306
05.06 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Ленче Милошева, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „ДоказМ.мк“, со три текста објавени на 4 мај 2019 година, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 мај 2019 година, Ленче Милошева, поднесе жалба за три текста со наслов „Сопругата на државниот секретар Милошев по понашањето како вчера да е излезена од гетото, сељанка бе брат не се трпи“, „Ленче Милошева, психолог по вокација се претставува како доктор пред ЕУ, само затоа што сопругот ѝ е државен секретар!“ и „Здраво, накратко сакам да се надоврзам во врска со проф.Ленче Милошева“, објавени на 4 мај 2019 година, на интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk).

Во жалбата се наведува дека текстовите содржат неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, навреда и клевета.

Подносителот на претставката, д-р Милошева, посочува дека текстовите се вулгарни и полни со клевети, навреди и омаловажувања. Таа ги отфрла наводите дека не била компетентна и на конференцијата за нови политики за незаразни болести во Туркменистан присуствувала благодарение на позицијата на својот сопруг, туку дека била уредно поканета од Канцеларијата на СЗО во улога на Национален соработник за ментално здравје.

Во однос на текстот во кој „ДоказМ.мк“ пренесува Фејсбук статус на нејзин наводен студент, кој изнесува низа обвинувања за недолично однесување на професорката, Милошева вели дека студент со такво име и презиме, како што пренесува медиумот, воопшто не постоел на факултетот каде што работи.

*„Ова е клевета за мене и за Универзитетот. Мотивот не е само политички, поради мојот сопруг, туку и обид за моја дискредитација како професор, пред претстојните избори за нови раководни места на УГД од група на политички обоени професори од претходната власт, кои имаат незаконски избори во звање и за кои професор од мој профил ако дојде на раководно место ќе претставува закана за откривање на незаконитостите“,* наведува Милошева во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Краткиот одговор на медиумот единствено содржеше вулгарни зборови на сметка на жалителката и Советот за етика.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 29 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека се работи за три текста, од кои едниот е целосно преземен од друг медиум, а останатите два се всушност Фејсбук статуси, објавени во форма на стандардни текстови (со фотографии и со наслови). Во првиот случај се работи за статус-реакција на медиумските написи на професорката Милошева, а во вториот на наводен студент на Милошева, кој ја обвинува за лошо однесување како професор. Комисијата се согласи дека во сите три случаи се работи за непрофесионални и неетички новинарски производи, кои повеќе имаат цел да навредат и дискредитираат отколку да му служат на јавниот интерес:

***„Сопругата на државниот секретар Милошев по понашањето како вчера да е излезена од гетото, сељанка бе брат не се трпи“,*** гласи насловот на еден од трите текста.

Недоличниот јазик особено е нагласен во двата текста кои пренесуваат Фејсбук статуси. Комисијата најде дека, и покрај тоа што се работи за содржини преземени од социјалните мрежи, тоа не го ослободува медиумот од одговорност, зашто на тој начин таквите содржини добиваат поголема јавност. Во вакви случаи новинарите се обврзани да побараат став од засегнатите страни, што „ДоказМ.мк“ не го сторил. Комисијата се согласи дека Интернет - порталот не навел доволно аргументи за да ги поткрепи наводите дека д-р Ленче Милошева присуствувала на конференција на СЗО поради влијанието на својот сопруг, кој е државен секретар во Министерството за здравство. Текстот е непрофесионален и изобилува со паушални податоци, дури и суштински грешки, како и во делот кој се однесува на биографијата на Милошева. Оттука, Комисијата утврди дека во оспорените текстови е

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојуваат следните реченици:

***„Ленче Милошева единствената способност која што ја има како квалитет е тоа што е сопруга на Владимир, државниот секретар“.***

***„Од неофицијални извори блиски и упатени во целата проблематика дознаваме дека државниот секретар во Министерството за здравство, Владимир Милошев, без трошка срам и морални вредности, ја акредитирал својата сопруга да му биде преставник на Министерството за здравство на Европската конференција во СЗО за незаразни болести“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во овој контекст, Комисијата констатираше дека медиумот, доколку сакал, можел да добие став од надлежните и да ги разјасни околностите во случајот, како што тоа го сториле неколку други медиуми, кои побарале мислење од координаторот на СЗО, Бојан Бошковски. Ставот на Бошковски е дека Милошева била номинирана лично од негова страна и дека било соодветно да учествува на конференцијата, која била посветена на незаразните болести, вклучително и на менталното здравје.

Понатаму, Комисијата утврди дека во текстовите новинарот неретко се јавува во улога на коментатор и не прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата, со што го прекршил и членот 13 од Кодексот на новинарите. Ваквата отстапка особено е забележителна во следниве реченици од текстовите:

***„До кога ќе се соочуваме само со вакви скандали од невидени размери, а секојдневно се збори за напредок и прогрес? Со ваква власт сето тоа многу тешко – порачуваат граѓаните“.***

***„Ленче Милошева има завршено Филолошки факултет смер психологија и како таква не одговара на описот и позицијата која е испратена да ја преставува бидејќи нејзината вокација нема никаква врска со незаразни болести, бидејќи нема никакви допирни точки за да биде познавач, а камоли уште повеќе координатор пред поголем аудиториум на темата незаразни болести“.***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595